**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и втората седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 12.12.2017 година**

**Скопје, декември 2017 година**

**З А П И С Н И К**
**од Четириесет и втората седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.12.2017 година**

Седницата започна во 12:30 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Рената Дескоска, министер за образование и наука, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, Дејан Павлески, заменик на министерот за локална самоуправа, Владимир Лазовски, заменик на министерот за култура, Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, м-р Ремзи Мехмеди, заменик на министерот за транспорт и врски и м-р Јани Макрадули, заменик на министерот за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и Миле Бошњаковски и Мухамед Хоџа, портпароли на Владата на Република Македонија, Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Петре Шилегов, градоначалник на Град Скопје, Аднан Џаферовски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, Мартин Костовски, директор на ЈП „Службен весник на Република Македонија", Ѓоко Танасоски, директор на Царинска управа, Даница Џонова, директор на Бирото за застапување на Република Македонија пред Европскиот суд за човекови права, Кристијан Трајковски, директор на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од

значење за Републиката-Скопје, Мирко Митревски од Јавното обвинителство на Република Македонија, Никола Стојанов од АД МЕПСО, Валентина Димитровска од Управата за имотно-правни работи, Драган Стојаноски од Агенцијата за цивилно воздухопловство, Али Асани од Државниот завод за индустриска сопственост, Сашо Димитров од Центарот за управување со кризи, Цветанка Коршумовска од Државното правобранителство на Република Македонија, Марија Јовановска од Бирото за јавни набавки, Драган Тилев, од Секретаријатот за европски прашања и Златко Николовски, нотар.

Од седницата отсуствуваа претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи и членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора и Зорица Апостолска, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции

*

*  *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА**

**а) гости**

1. Информација за донесување на одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2018 година, со Предлог-одлука

2. Информација за потребата од одржување на Годишно собрание на АД МЕПСО-Скопје во врска со работата во 2016 година, со Предлог-одлуки

3. Информација за прогресот на изградба на станови наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи и станови наменети за продажба

4. Информација за потребата од донесување одлука за одобрување на работењето на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во врска со донесување на одлука за давање согласност за засновање на заложно право на имотот дефиниран со бр. RM 2017/550 за одобрување на рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право на

недвижен имот помеѓу Халкбанка АД Скопје и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за изградба на проектот „Објект државни институции ГП 7.1.1 ДУП Централно градско подрачје на Град Скопје-Мал ринг во Скопје и користење на средства за други инвестиции и тековно работење согласно потребите на Акционерското друштво, со Предлог-одлука

5. Статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија ц.о-Скопје, со Предлог-одлука

6. Информација за прогресот на реализација на проектот „Откуп на дворно место 1 евро за 1 $м^2$"

7. Предлог-уредба за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор

8. Информација за реализација на проектот „Е-апликација за патенти"

9. Информација за измена и дополнување на намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија со намена фасади на објекти во центарот на градот и изградба и реконструкција на плоштади, со Предлог-одлука

10. Информација за обезбедување на количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за 2015 година на санирање на последиците од поплавите во кочанскиот регион, со Предлог-одлука

11. Информација за обезбедување на количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за 2016 година на санирање на последиците од поплавите во с.Рашче и Кочанско Поле, со Предлог-одлука

12. Информација за обезбедување на финансиски средства и дизел гориво за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување на санирањето на последиците од поплавите во с. Порој-Тетово во 2017 година, со Предлог-одлука

13. Информација за обезбедување на количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за расчитување на патни правци од снежни наноси во јануари 2017 година, со Предлог-одлука

14. Информација за давање хуманитарна помош поради поплавите кои ја зафатија Република Албанија, со Предлог-одлука

15. Информација за донесување на одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение-Планинарски спортски клуб Драчево Филип Чакаров Скопје, со Предлог-одлука

**б) економски систем и тековна економска политика**

16. Информација за потребата од донесување на мерки на индустриска политика за поттикнување на инвестициите и конкурентноста на македонската економија, со Предлог-мерки

17. Информација за напредокот на Проектот за модернизација на железничка линија Табановце-Гевгелија: воведување на Европскиот систем за контрола на возовите ETCS ниво 1 по должината на железничкиот Коридор 10 и подобрување на сигнализацијата на целата мрежа во Република Македонија и инсталирање на глобален систем за мобилна комуникација во железница GSM-R по должината на Коридор 10, за период 1.1-30.6.2017 година

18. Информација за напредокот на проектот за подготовка на проектна документација за железничка делница Скопје-Кичево како дел од Коридор 8, за периодот 1.1.-30.6.2017 година

19. Информација за ажурирање на Акциски план за проектот „Воведување на информациски систем за управување со енергијата ЕМИС“, за период 1.1.-30.6.2017 година

20. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Воденици“, Општина Делчево, со предлог-одлуки

21. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Желевица“, с.Тработивиште, Општина Делчево, со предлог-одлуки

22. Информација за формирање на Комисијата за спроведување на јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Самарница“, Општина Прилеп и Општина Долнени и „Стари Присад Стена“ Општина Прилеп, која се формира согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр.44-7302/1 од 28.11.2017 („Службен весник на Република Македонија“ бр.177/17), со Предлог-решение

23. Информација во врска со Иницијативата за измена на член 4 (2) од Одлуката за 2012/04/EnC-MC при Секретаријатот за енергетска заедница со која Директивата 2009/28/ЕС за промоција на користењето на обновливите извори на енергија стана обврска за земјите потписнички на Договорот за основање на енергетската заедница, во делот за Република Македонија, со текст на Иницијатива

24. Информација во врска со започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со предлог-одлуки

25. Информација во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со реден број 15 и 17 на река Железна на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО од Скопје

**в) политички систем**

26. Информација за правосилност на една пресуда на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Центар за развој на аналитичка психологија против Република Македонија, со Предлог-одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година

27. Информација за учеството на македонската делегација на Самитот на претседатели на Влади на државите членки на Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) во Минск, Белорусија, на 12.12.2017 година

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

28. Информација за проектот „Бесплатна вакцинација за грип за пензионери со просечна пензија и пензија пониска од просечната и за лица над 60-годишна возраст кои не се приматели на пензија", со Акциски план

29. Информација за проектот „Развој на специјалности, здравствена карта (Мастер план), со Акциски план

30. Информација за прогрес во имплементација на проектот „Модернизација на средното стручно образование" (за периодот јуни 2017-септември 2017)

31. Информација за барање за продолжување на рокот за реализација на Договор за грант за рехабилитација на средни училишта во Република Македонија (WBIF: WB6-MKD-SOC-02 CEB: F/P 1611) и Договор за грант за проектот рехабилитација на основни училишта во Република Македонија (WBIF: WB6-MKD-SOC-03 CEB: F/P 1732)

32. Информација за Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, со Ревидиран оперативен план

33. Информација за воведување на проектот „Здрав студентски оброк"

**Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА**

**а) економски систем и тековна економска политика**

34. Предлог-одлука за Шеснаесетта емисија на обврзници за денационализација

35. Предлог-решение за формирање Комисија за разгледување на барања за добивање дозвола за вршење извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема

**б) политички систем**

36. Барање на Муса Агирбаш, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

37. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

38. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани

39. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово

40. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес

41. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола

42. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија

43. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга

44. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола

45. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар

46. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово

47. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип

48. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица

49. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште

50. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид

52. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес

53. Предлог-одлука за продажба на движна ствар

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

54. Предлог-закон за трговија на зелени пазари, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

55. Иницијатива од Ратко Чадиковски, Нове Секулоски и Миле Бундовски, сите од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.103/17, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 став 1 и 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12)

56. Иницијатива од адвокат Игор Спировски од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.115/17, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12, 166/12, 15/13, 53/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16)

57. Иницијатива од политичката партија ЛЕВИЦА од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.112/17, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/17)

58. Известување од извршител Весна Деловска од Скопје за налог за извршување врз недвижност запишана во Имотен лист бр.45755 за КО Центар на КП бр.9458 место викано Градиште-4

59. Известување од извршител Снежана Андреевска од Скопје под И.бр.622/17 за налог за извршување врз недвижност

**д) други предлози**

60. Табеларен преглед за поништување на одделните активности на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата, Табеларен преглед за продолжување на рокот на активностите на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата и Табеларен преглед на институции кои не доставиле одговор

61. Кадровски прашања

62. Прашања и предлози

**В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ**

63. Информација во врска со управниот спор УС бр. 1174/13 и барањето на Асоцијацијата на здруженија на инженери-Инженерска институција на Македонија, за физичка делба на деловен простор

64. Информација за изградба на жичарница од Институт за белодробни заболувања во Козле до Средно Водно, за период 1.1.-30.6.2017 година

65. Информација за реализираните активности од Акцискиот план на Стратегијата за стручно образование и обука, ноември 2017 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

66. Дополнет Предлог-буџет на Република Македонија за 2018 година

67. Информација за статусот на реализација на листата на акти и материјали кои што министерствата согласно закон се обврзаа да ги објават на своите веб страни, со Табеларен преглед

68. Предлог-уредба за изменување и дополнување на Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели

69. Предлог-одлука за давање на согласност за пренос на удел, со дополнување кон неа

70. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок на Друштво за градежништво, услуги и трговија на големо и мало Цвет - Компани ДООЕЛ експорт-импорт с. Батинци-Студеничани на локалитетот с. Варвара, Општина Сопиште

71. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина- варовник на Друштвото за градежништво, услуги и трговија на големо и мало Цвет-компани ДООЕЛ експорт-импорт с. Батинци, Студеничани на локалитетот „Јарова Глава“, Општина Сопиште

72. Информација за потребата од потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија за финансиска соработка 2017 година, како и Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 2 и Договор за финансирање на Програмата за наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II, со текст на Спогодба и договори

73. Информација за статусот на имплементација на нов систем за обработка на царински декларации и акцизни документи-СОЦДАД, со Предлог-одлуки

74. Информација за начинот на кој договорните органи ќе ги објавуваат склучените договори за јавни набавки

75. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година

76. Информација за потпишување на Договор за економска и техничка соработка за обезбедување на грант помош помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, со усогласен текст на Договорот

*

*　　　*

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2018 година, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за утврдување на вредноста на бодот за пресметување на платите на јавнообвинителските службеници за 2018 година, во предложениот текст.

**Точка 2**

Владата по Информацијата за потребата од одржување на Годишно собрание на АД МЕПСО Скопје во врска со работата во 2016 година, со предлог-одлуки, ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година,

2. Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски извештај за работењето на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година,

3. Одлуката за одобрување на Годишниот извештај за работењето на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година,

4. Одлуката за одобрување на Консолидираната Годишна сметка на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година,

5. Одлуката за одобрување на Консолидираниот Годишен финансиски извештај за работењето на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година,

6. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Синиша Спасов - претседател на Управниот одбор),

7. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Катерина Глигорова - член на Управниот одбор),

8. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Роберт Ордановски - член на Управниот одбор),

9. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Ненад Крстевски - член на Управниот одбор),

10. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Сашо Василевски - член на Управниот одбор),

11. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Ацо Ристески - член на Управниот одбор),

12. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Кирил Ачкоски - член на Управниот одбор),

13. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Ненад Јовановски - член на Управниот одбор),

14. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Ненад Јовановски - претседател на Управниот одбор),

15. Одлуката за одобрување на работењето на член на Управниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Елизабета Гиовска - член на Управниот одбор),

16. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична

енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Саша Грујевски - претседател на Надзорниот одбор),

17. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Сашо Павлоски - член на Надзорниот одбор),

18. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Мирко Тодоровски - член на Надзорниот одбор),

19. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Асан Јакупи - член на Надзорниот одбор),

20. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Игор Лазарев - член на Надзорниот одбор),

21. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Ивана Николиќ - член на Надзорниот одбор),

22. Одлуката за одобрување на работењето на член на Надзорниот одбор на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје за 2016 година (Спиро Мавровски - член на Надзорниот одбор) и

23. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2016 година на Операторот на електропреносниот систем на Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост Скопје, во предложените текстови.

## Точка 3

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на изградба на станови наменети за лица во социјален ризик и други ранливи групи и станови наменети за продажба (најнов текст) и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за труд и социјална политика, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, веднаш да формираат работна група со цел разгледување на можноста за изградба на објекти за социјално ранливи категории, во рамки на Проектот за домување на социјално ранливи категории, финансиран со заем од Банката за развој при Советот на Европа.

2. Се укажува на Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен и деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во рок од 20 дена врз основа на заклучоците на работната група, да подготви и достави Информација до Владата со Акциски план и временска рамка на активностите кои е планирано да се реализираат до датумот на завршување на Проектот за домување на социјално ранливи групи, финансиран со заем од Банката за развој при Совет на Европа.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување одлука за одобрување на работењето на Одборот на директори на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, во врска со донесување на одлука за давање согласност за засновање на заложно право на имотот дефиниран со бр. RM 2017/550 за одобрување на рамковен револвинг кредит-лимит врз основа на заложно право на недвижен имот помеѓу Халкбанка АД Скопје и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје, за изградба на проектот „Објект државни институции ГП 7.1.1 ДУП Централно градско подрачје на Град Скопје-Мал ринг во Скопје и користење на средства за други инвестиции и тековно работење согласно потребите на Акционерското друштво, со Предлог-одлука, како материјал за информирање.

**Точка 5**

Владата по Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија ц.о-Скопје, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Статутарната одлука за изменување и дополнување на Статутот на Јавното претпријатие Службен весник на Република Македонија ц.о-Скопје.

**Точка 6**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на реализација на проектот „Откуп на дворно место 1 евро за 1 м$^2$”, ја усвои и го задолжи Министерството за финансии-Управата за имотно правни работи на последната седница на Владата во април 2018 година да достави информација за прогресот на реализацијата на Проектот „Откуп на дворно место 1 евро за 1 м$^2$”.

**Точка 7**

Владата ја донесе Уредбата за условите под кои воздухоплов без екипаж може да лета во македонскиот воздушен простор (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот „Е-апликација за патенти“ (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 9**

Владата ја разгледа Информацијата за измена и дополнување на намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија со намена фасади на објекти во центарот на градот и изградба и реконструкција на плоштади, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за измена и дополнување на

намената на одобрени, а неискористени средства од Буџетот на Република Македонија, во предложениот текст.

**Точка 10**

Владата по Информацијата за обезбедување на количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за 2015 година на санирање на последиците од поплавите во кочанскиот регион, со Предлог-одлука, заклучи:

Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, до 31.12.2017 година да извршат ревизија во Дирекцијата за заштита и спасување:

- Во однос на договорите кои Дирекцијата за заштита и спасување ги склучила со фирми за ангажирање на механизацијата, односно начинот на кој биле подмирени побарувањата и обврските кон истата фирма;

- Во однос на искористеноста на веќе доделените количини на нафта и нафтени деривати, со одлуки донесени од Владата на Република Македонија, за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, односно на вкупната количина на дизел гориво, која Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, ја отстапила на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 11**

Владата по Информацијата за обезбедување на количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за 2016 година на санирање на последиците од поплавите во с.Рашче и Кочанско Поле, со Предлог-одлука, заклучи:

Се задолжува Министерството за финансии-Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, до 31.12.2017 година да извршат ревизија во Дирекцијата за заштита и спасување:

- Во однос на договорите кои Дирекцијата за заштита и спасување ги склучила со фирми за ангажирање на механизацијата, односно начинот на кој биле подмирени побарувањата и обврските кон истата фирма;

- Во однос на искористеноста на веќе доделените количини на нафта и нафтени деривати, со одлуки донесени од Владата на Република Македонија, за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, односно на вкупната количина на дизел гориво, која Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, ја отстапила на Дирекцијата за заштита и спасување.

**Точка 12**

Владата по Информацијата за обезбедување на финансиски средства и дизел гориво за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување на санирањето

на последиците од поплавите во с. Пороj-Тетово во 2017 година, со Предлог-одлука, заклучи:

Се задолжува Министерството за финансии-Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, до 31.12.2017 година да извршат ревизија во Дирекцијата за заштита и спасување:

- Во однос на договорите кои Дирекцијата за заштита и спасување ги склучила со фирми за ангажирање на механизацијата, односно начинот на кој биле подмирени побарувањата и обврските кон истата фирма;

- Во однос на искористеноста на веќе доделените количини на нафта и нафтени деривати, со одлуки донесени од Владата на Република Македонија, за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, односно на вкупната количина на дизел гориво, која Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, ја отстапила на Дирекцијата за заштита и спасување.

**<u>Точка 13</u>**

Владата по Информацијата за обезбедување на количини дизел гориво и финансиски средства за ангажирањето на механизацијата на Дирекцијата за заштита и спасување за расчитување на патни правци од снежни наноси во јануари 2017 година, со Предлог-одлука, заклучи:

Се задолжува Министерството за финансии - Секторот за финансиска инспекција во јавниот сектор и Секторот за јавна внатрешна финансиска контрола, до 31.12.2017 година да извршат ревизија во Дирекцијата за заштита и спасување:

- Во однос на договорите кои Дирекцијата за заштита и спасување ги склучила со фирми за ангажирање на механизацијата, односно начинот на кој биле подмирени побарувањата и обврските кон истата фирма;

- Во однос на искористеноста на веќе доделените количини на нафта и нафтени деривати, со одлуки донесени од Владата на Република Македонија, за отстапување на нафтени деривати од задолжителните резерви на нафта и нафтени деривати, односно на вкупната количина на дизел гориво, која Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати, ја отстапила на Дирекцијата за заштита и спасување.

**<u>Точка 14</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за давање хуманитарна помош поради поплавите кои ја зафатија Република Албанија, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за испраќање на хуманитарна помош за заштита и спасување во Република Албанија, усогласена со Секретаријатот за законодавство, со заклучок Дирекцијата за заштита и спасување да ја оцени потребата од дополнување на хуманитарната помош.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за финансии да подготви и до Владата да достави соодветна одлука за одобрување на средства од Резервите на Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во износ од 6.000.000,00 денари, наменети за доделување на помош за настраданите од поплавите кои ја зафатија Република Албанија.

Одлуката се смета за донесена на оваа седница на Владата.

**Точка 15**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение - Планинарски спортски клуб Драчево Филип Чакаров Скопје, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Здружение-Планинарски спортски клуб Драчево Филип Чакаров Скопје, во предложениот текст.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на мерки на индустриска политика за поттикнување на инвестициите и конкурентноста на македонската економија, со Предлог-мерки и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во рок од три дена, да формира работна група за подготовка на закон со кој системски ќе се уредат прашањата за начинот и постапката за реализација на мерките за индустриска политика за поттикнување на инвестициите и конкурентноста на македонската економија, која ќе ја координира Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори и која ќе биде составена од претставници на:

1) Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и кабинетите на министрите без ресор, задолжени за привлекување на инвестиции;
2) Министерството за економија;
3) Министерството за труд и социјална политика;
4) Министерството за финансии;
5) Дирекцијата за технолошки индустриски развојни зони;
6) Агенцијата за вработување на Република Македонија;
7) Фондот за иновации и технолошки развој;
8) Агенцијата за привлекување на странски инвестиции и промоција на извозот;
9) Секретаријатот за законодавство.

2. Се задолжуваат сите наведени инситуции од заклучокот број еден во рок три дена, до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори да номинираат по еден претставник во работната група.

3. Се задолжува работната група, најдоцна до 20.1.2018 година, да подготви и до Министерството за економија да достави нацрт-текст на закон со кој системски ќе се уредат прашањата за начинот и постапката за реализација на мерките за индустриска политика за поттикнување на инвестициите и конкурентноста на македонската економија.

4. Се задолжува Министерството за економија, најдоцна до 1.2.2018 година, да подготви и до Владата да достави Предлог-закон со кој системски ќе се уредат прашањата за начинот

и постапката за реализација на мерките за индустриска политика за поттикнување на инвестициите и конкурентноста на македонската економија.

**Точка 17**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на Проектот за модернизација на железничка линија Табановце-Гевгелија: воведување на Европскиот систем за контрола на возовите ETCS ниво 1 по должината на железничкиот Коридор 10 и подобрување на сигнализацијата на целата мрежа во Република Македонија и инсталирање на глобален систем за мобилна комуникација во железница GSM-R по должината на Коридор 10, за период 1.1.-30.6.2017 година, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски, да организира координативен состанок со претставници од Јавното претпријатие Македонски железници Инфраструктура - Скопје, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Делегацијата на Европската Унија и Европската банка за обнова и развој, со цел дефинирање на понатамошните чекори за изработка на потребната техничка документација со грант средства од Инвестициска рамка за Западен Балкан (WBIF) за овие проекти.

**Точка 18**

Владата ја разгледа Информацијата за напредокот на проектот за подготовка на проектна документација за железничка делница Скопје - Кичево како дел од Коридор 8, за периодот 1.1.-30.6.2017 година ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за транспорт и врски да организира координативен состанок со претставници од ЈП Македонски железници Инфраструктура - Скопје, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за финансии, Делегацијата на Европската Унија и Европската банка за обнова и развој, со цел дефинирање на понатамошните чекори за изработка на потребната техничка документација со грант средства од ВБИФ за овој проект.

**Точка 19**

Владата ја разгледа Информацијата за ажурирање на Акциски план за проектот „Воведување на информациски систем за управување со енергијата ЕМИС“, за период 1.1.-30.6.2017 година (нов текст), ја усвои Информацијата и го прифати Ажурираниот акциски план за реализација на проектот „Воведување на информациски систем за управување со енергијата ЕМИС, за период 1.1.-30.6.2017 година.

**Точка 20**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Воденици“ Општина Делчево, со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и имајќи го предвид негативното Мислење на Општина Делчево, ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, со заклучок истата да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Желевица“ с. Тработивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање

на иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата за формирање на Комисија за спроведување на Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини на локалитетите „Самарница“ Општина Прилеп и Општина Долнени и „Стари Присад Стена“ Општина Прилеп која се формира согласно Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини бр.44-7302/1 од 28.11.2017 („Службен весник на Република Македонија“ бр.177/17, со Предлог-решение (најнов текст), ја усвои Информацијата и го донесе Решението за формирање на Комисија за спроведување на постапката за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Иницијативата за измена на член 4 (2) од Одлуката за 2012/04/EnC-MC при Секретаријатот за енергетска заедница со која Директивата 2009/28/ЕС за промоција на користењето на обновливите извори на енергија стана обврска за земјите потписнички на Договорот за основање на енергетската заедница, во делот за Република Македонија, со текст на Иницијатива и ја усвои со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на Иницијативата за изменување на член 4 од Одлуката 2012/04/EnC-MC со која се имплементира Директивата 2009/28/ЕС за промоција на користењето на обновливите извори на енергија од 18 октомври 2012 година.

2. Го овласти министерот за економија, м-р Крешник Бектеши, во име на Владата на Република Македонија, во рок од пет дена, да ја достави Иницијативата за изменување на член 4 од Одлуката 2012/04/EnC-MC со која се имплементира Директивата 2009/28/ЕС за промоција на користењето на обновливите извори на енергија од 18 октомври 2012 година, до Секретаријатот за енергетска заедница.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата во врска со започнување постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов на риболовни ревири и рекреативни зони, со Предлог-одлуки (најнов текст), ја усвои Информацијата и ги донесе:

1. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Винички“, во предложениот текст,

2. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Брегалница-Штипски“, во предложениот текст,

3. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 1-Гостиварски“,во предложениот текст,

4. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 3-Скопски“, во предложениот текст,

5. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 4-Велешки“, во предложениот текст,

6. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Матка“, во предложениот текст,

7. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Вардар 7-Гевгелиски“, во предложениот текст,

8. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Злетовска Река“, во предложениот текст,

9. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Крива Река 2-Кратовско-Кумановски“, во предложениот текст,

10. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Охридски“, во предложениот текст,

11. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Пчиња 1-Кумановски“,во предложениот текст,

12. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Пчиња 2-Скопски“, во предложениот текст,

13. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Липково“, во предложениот текст,

14. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 1-Демирхисарски“, во предложениот текст,

15. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 2-Прилепски“, во предложениот текст,

16. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 3-Битолски“, во предложениот текст,

17. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Треска 1-Кичевски“, во предложениот текст,

18. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црн Дрим 1“, во предложениот текст,

19. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шум“, во предложениот текст и

20. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црн Дрим 2“, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Предлог-решението за формирање на комисија за спроведување на постапката за доделување на рибите на концесија, да се разгледа на седница на Владата, откако претходно ќе се разгледа на седница на основните комисии на Владата.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот на реализација на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со референтен број 15 и 17 на река Железна на концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО од Скопје и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го овласти министерот за животна средина и просторно планирање, Садула Дураки, во име на Владата на Република Македонија како концедент, да склучи Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со референтен број 15 и 17 на река Железна со концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје бр. 11-4183/1 од 4.5.2015 година, за продолжување на рокот за изградба и почеток на комерцијалното работење до 4.11.2019 година, како и промени во прилозите за локација на МХЕЦ (Прилог 3) и за техничките спецификации (Прилог 4) на МХЕЦ со референтен број 15 и 17.

2. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање да побара од концесионерот Хидроген енерџи груп ДОО Скопје, до денот на потпишување на Анекс на Договорот за концесија за користење на вода за изградба на мали хидроелектрични централи за локациите со референтен број 15 и 17 на река Железна, да достави Анекс кон Банкарската гаранција за квалитетно извршување на Договорот, со важност најмалку до 4.1.2020 година.

**Точка 26**

Владата ја разгледа Информацијата за правосилност на една пресуда на Европскиот суд за човекови права по однос на предметот Центар за развој на аналитичка психологија против Република Македонија, со Предлог-одлука за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, ја усвои Информацијата и ја донесе со Одлуката за исплата на средства од Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата ја разгледа Информацијата за учеството на македонската делегација на Самитот на претседатели на влади на државите членки на Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) во Минск, Белорусија на 12.12.2017 година и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се назначува д-р Виктор Димовски, државен секретар во Министерството за надворешни работи да ја предводи македонската делегација на Самитот на претседатели на влади на државите членки на Централно - европската иницијатива (ЦЕИ) во Минск, Белорусија на 12.12.2017 година.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи, во рок од 10 работни дена по завршувањето на Самитот на претседатели на влади на државите членки на Централно-европската иницијатива (ЦЕИ) во Минск, Белорусија, на 12.12.2017 година, да подготви и до Владата да достави информација за учеството.

## Точка 28

Владата го разгледа најновиот текст на Информација за проектот „Бесплатна вакцинација за грип за пензионери со просечна пензија и пензија пониска од просечната, и за лица над 60-годишна возраст кои не се приматели на пензија“, со Акциски план, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата го прифати најновиот текст на Акцискиот план за проектот „Бесплатна вакцинација за грип за пензионери со просечна пензија и пензија пониска од просечната и за лица над 60-годишна возраст кои не се приматели на пензија“.

2. Се задолжува Министерството за здравство во иднина да не доставува информација до Владата во врска со прогресот на активностите за проектот „Бесплатна вакцинација за грип за пензионери со просечна пензија и пензија пониска од просечната и за лица над 60-годишна возраст кои не се приматели на пензија“.

## Точка 29

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за проектот „Развој на специјалности, здравствена карта (Мастер план)“, со Акциски план, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата го прифати Акцискиот план за проектот „Развој на специјалности, здравствена карта (Мастер план)“.

2. Се задолжува Министерството за здравство во рок од четири месеци до Владата на Република Македонија да ја достави Информацијата за прогресот од активностите од Акцискиот план, а потоа да доставува вакви информации на секои шест месеци, се до конечна реализација на наведениот проект.

## Точка 30

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за прогрес во имплементација на Проектот „Модернизација на средното стручно образование“ (за периодот јуни - септември 2017 година) и го усвои со следниве заклучоци:

1. Се укажува на Центарот за стручно образование и обука, во соработка со Министерството за образование и наука - Бирото за развој на образованието да ги достави наставните планови за реформираното стручното образование за занимање за втора и трета година, како и за трите пилот наставни планови за четиригодишно стручно образование за втора, трета и четврта година до министерот за образование и наука за нивно донесување, најдоцна до крајот на јануари 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука најдоцна до 15.2.2018 година да ја извести Владата за реализацијата на активноста од заклучокот 1.

**Точка 31**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за барање за продолжување на рокот за реализација на Договор за грант за рехабилитација на средни училишта во Република Македонија (WBIF: WB6-MKD-SOC-02 CEB: F/P 1611) и Договор за грант за проектот рехабилитација на основни училишта во Република Македонија (WBIF: WB6-MKD-SOC-03 CEB: F/P 1732), ја усвои Информацијата и го задолжи министерот за образование и наука, да подготви и до Банката за развој при Советот на Европа да достави барање за продолжување на рокот на реализација на договорите за грант за најмногу до шест месеци, односно до 30.6.2018 година и зависно од одобрениот период за продолжување на роковите од страна на Банката, да пристапи кон преземање на потребните активности за реализација на овие договори.

**Точка 32**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, со Ревидиран оперативен план, ја усвои Информацијата и го прифати Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година.

**Точка 33**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за воведување на проект „Здрав студентски оброк“, поради потребата Кабинетот на д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор, задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија да оствари работна средба со Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика и д-р Драги Рашковски, генерален секретар на Владата на Република Македонија, со цел прецизирање на реализацијата на проектот „Здрав студентски оброк“, детално со број на студенти, потребни финансиски средства, какви се проекциите на овој проект, во колкав опфат ќе се спроведе, како и да се разгледа можноста во проектот да бидат вклучени и учениците од основните и средните училишта во Република Македонија и потоа до Владата да достави дополнет и усогласен текст на информација за разгледување.

**Точка 34**

Владата ја донесе Одлуката за Шеснаесетта емисија на обврзници за денационализација, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го донесе Решението за формирање на Комисија за разгледување на барања за добивање дозвола за вршење извоз-увоз, транзит, брокерски услуги и офсет на вооружување и воена опрема (најнов текст), во предложениот текст.

**Точка 36**

Владата го разгледа Барањето на Муса Агирбаш, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди негативно мислење по Барањето, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за финансии.

**Точка 37**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кочани, во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Кратово, во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гевгелија, во предложениот текст.

**Точка 43**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струга, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Битола, во предложениот текст.

**Точка 45.**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Куманово, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Штип, во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 49**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Врапчиште, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Тетово, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Охрид, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја донесе Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Општина Велес, во предложениот текст.

**Точка 53**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движна ствар, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го симна од Дневен ред Предлог-законот за трговија на зелени пазари, по скратена постапка, поднесен од група пратеници.

**Точка 55**

Владата ја разгледа Иницијативата од Ратко Чадиковски, Нове Секулоски и Миле Бундовски, сите од Скопје, доставена до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.103/17, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 став 1 и 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/12) и притоа го утврди следното мислење

Подносителот на Иницијативата наведува дека поведува постапка за оценување на уставност и законитост на член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување бидејќи наведената одредба е спротивна на член 9 став 1 и 2, член 34, член 35 став 1 и член 54 став 1, 2 и 3 од Уставот на Република Македонија.

Како образложение на Иницијативата се наведува дека со оспорените законски одредби различно се третираат лицата кои стекнуваат пензија до 2015 година и по 2015 година, односно ако пензијата преставува право стекнато врз основа на вложувања на дел од платата на работникот во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија и нејзината висина се утврдува во фиксен износ во зависност од висината на вложувањата на осигуреникот, тогаш неправедно е оној на кого му е утврден помал износ на пензија, која е намалена до максималниот износ за стекнувачи на правото на пензија до 2015 година, да прима помал износ на „највисока пензија“ иако му е утврден дури и двапати помал износ на пензија кој е намален на „највисоката пензија“ само затоа што се стекнал со право на пензија по 2015 година, кога согласно член 230 став 1 од Законот е утврден повисок износ на највисока пензија.

Во Иницијативата наведено е дека одредбата има смисла само доколку усогласувањето на пензиите и највисокиот износ на пензија се во потполна корелација.

Согласно член 8 став 1 точка 8 од Уставот на Република Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се меѓу другите и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Согласно член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата, независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и општествената положба. Граѓаните пред Уставот и законите се еднакви.
Согласно член 34 од Уставот на Република Македонија, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Согласно член 35 од Уставот на Република Македонија, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните граѓани за работа. Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Согласно член 54 од Уставот на Република Македонија слободите и правата на човекот и граѓанинот можат да бидат ограничени само во случаи утврдени со Уставот.

Согласно член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16), за осигурениците кои не пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, највисоката пензија не може да изнесува повеќе од 80% до 2015

година, а по 2015 година не повеќе од процентите утврдени во член 52 став 1 од овој закон од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати (став 1).

Определената највисока пензија од став 1 на овој член повторно не се определува и понатаму се усогласува со процентот со кој се усогласуваат и другите пензии (став 2).

Согласно член 2 став 1, алинеја 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување системот на пензиското и инвалидското осигурување меѓу другото е составен и од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, односно втор столб. Задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување поблиску се уредени со посебни закони.

Согласно член 3 од истиот закон, со вториот пензиски столб се остваруваат правата согласно со законот кој го уредува задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Согласно член 4 од истиот закон правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон.

Во Република Македонија пензиското и инвалидското осигурување како област е уредено со Законот за пензиското и инвалидското осигурување осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15,27/16, 120/16, и 132/16), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 29/02, 85/03, 40/04, 113/05, 29/07, 88/08, 48/09, 50/10, 171/10, 36/11, 98/12, 13/13, 44/14, 192/15 и 30/16), Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија" бр. 7/08, и 17/11 и 13/13) и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија бр.11/12, 147/15 и 30/16).

Од 1 јануари 2006 година започна да се имплементира реформираниот пензиски систем, како важен сегмент од социјалната политика на Република Македонија. Во пензискиот систем се внесе и капитално финансирана компонента, односно покрај државната пензија се создава и правна рамка за остварување и на ануитет во зависност од уплатениот придонес и приносот остварен во текот на работниот век. Законот за пензиското и инвалидското осигурување се заснова на начелата на правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните согласно член 34 од Уставот на Република Македонија, начелото на социјална праведност за осигурениците и корисниците на права од пензиско и инвалидско осигурување и членовите на нивните семејства. Исто така, во овој закон е содржано и начелото на генерациска солидарност, покрај капитално финансираната компонента. Оттука неосновани се наводите во иницијативата дека Законот за пензиското и инвалидското осигурување не одговара на уставниот концепт за социјална праведност,пред сѐ поради фактот што во член 3 од Законот е дефиниран опфатот на правата преку социјалната праведност и генерациската солидарност. Понатаму во останатите одредби детално се разработуваат сите права од пензиското и инвалидското осигурување.

Со членот 230 и понатаму се задржува институтот највисока пензија и тоа за осигурениците кои нема да пристапат во капитално финансирано пензиско осигурување (II пензиски столб).

Единствена измена кај највисокиот износ на старосна пензија е нејзиното постепено намалување и тоа по 2015 година, но не повеќе од процентите утврдени со членот 52 од Законот кои се однесуваат на определување на висината на инвалидската пензија во случај на повреда на работа. Истовремено, намалувањето на процентите при определување на највисокиот износ на пензија се резултат на параметричките реформи, при што за осигурениците кои ќе останат во системот на задолжително пензиско и инвалидско осигурување постепено се намалува процентот за определување на висината на старосната пензија. Ова решение беше содржано и во претходниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување кој се применуваше до 8 август 2012 година, односно член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во текстот на Иницијативата подносителот навел дека со оспорените законски одредби се нарушува уставното начело на социјална праведност, но согласно наведените законски одредби произлегува дека оспорената законска одредба е одраз токму на ова начело, а истовремено и на социјалниот карактер на Република Македонија утврден во член 1 од Уставот на Република Македонија, како и на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија-хуманизмот, социјалната правда и солидарноста утврдени во членот 8 од Уставот. Имено, утврдувајќи ја највисоката пензија законодавецот се раководел токму од начелото на социјалната праведност со цел во случај на настапување на некој од осигурените случаи (старост, инвалидност и смрт на осигуреникот) пензијата на одделни работници, односно осигуреници да се определува зависно од реалните финансиски можности на Републиката, а не од нивната пензиска основа, а притоа и со вака определената пензија на оваа категорија граѓани да не им се наруши материјалната и социјалната сигурност.

Имајќи во предвид дека системот на пензиското и инвалидското осигурување е заснован на плаќање на социјалните придонеси, со член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 142/08, 64/09, 156/09, 166/10, 53/11, 185/11, 44/12, 15/13, 91/13, 170/13, 97/14, 113/14, 180/14, 188/14, 20/15, 48/15, 129/15, 217/15 и 190/16) е утврдена највисоката основица на која се пресметуваат и плаќаат социјалните придонеси. Имено, највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос од еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси е износот од дванаесет просечни плати. На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.

Согласно наведените уставни и законски одредби произлегува дека законодавецот има уставен основ да го определува нивото на социјалната сигурност на граѓаните, па определувањето на висината на пензијата е во рамките на неговите уставни овластувања во оваа сфера.

Според основните одредби на Уставот на Република Македонија, Република Македонија покрај другото е и социјална држава, а како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Освен тоа, ако оспорениот член од Законот интегрално се интерпретира со член 226 од истиот закон, според кој на корисниците кои правата од пензиското и инвалидското осигурување ги оствариле пред денот на влегување во сила на овој закон, тие права се обезбедуваат и по денот на примената на овој закон во ист обем и висина и се усогласуваат според одредбите на овој закон, сосема е јасно дека со оспорениот член не се врши намалување, односно ограничување на највисоката пензија на корисниците, туку напротив

со него се утврдува нов режим за определување на највисоката пензија кој ќе важи во иднина, за идните пензионери.

Ова дотолку повеќе што Уставниот суд на Република Македонија веќе донел решение У.бр 142/12 од 14.11.2012 година со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на членот 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување.

Имајќи го предвид претходно наведеното, Владата на Република Македонија смета дека оспорените одредби од член 230 став 1 и 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“ број 98/12, 166/12, 15/13, 170/13, 43/14, 44/14, 97/14, 113/14, 160/14, 188/14, 20/15, 61/15, 97/15, 129/15, 147/15, 154/15, 173/15, 217/15, 27/16, 120/16 и 132/16) се во согласност со член 9 став 1 и 2, член 34, член 35 став 1, член 54 став 1, 2 и 3 од Уставот на Република Македонија, поради што му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 од наведениот закон.

**<u>Точка 56</u>**

Владата ја разгледа Иницијативата доставена до Уставниот суд на Република Македонија за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 53/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/204, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016), поднесена од адвокат Игор Спировски од Скопје и притоа го утврди следново мислење:

Подносителот на Иницијативата наведува дека поведува постапка за оценување на уставноста и законитоста на член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, бидејќи наведената одредба е спротивна на член 8 став 1 алинеи 3 и 6, член 9, член 30, член 34 и член 35 од Уставот на Република Македонија. Како образложение на Иницијативата се наведува дека корисниците на пензија остваруваат пензија во износ определен според пресметка на остварените плати и стаж на осигурување, но потоа им се исплатува највисок износ на пензија кој е помал од реално остварениот износ на пензија. Според подносителот на Иницијативата, старосната пензија претставува право од имотен карактер стекнато врз основа на лични вложувања од придонесот за пензиско и инвалидско осигурување и како така определено право не може да се врши ограничување на висината на пензијата, преку определување на горна граница за висина на пензија која ја исплатува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија. Оттука, предлагачот смета дека со примена на ограничување во исплатата на определеното право на пензија се нарушува начелото на социјалната праведност утврдено во член 35 став 1 од Уставот на Република Македонија затоа што на една група на граѓани не им се овозможува да ја користат пензијата пресметана според платите, туку им се исплатува највисок износ на пензија со што овие граѓани преку оспорената одредба се ставаат и во нерамноправна положба во однос на другите граѓани, што не било во согласност со член 9 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 8 став 1 точка 8 од Уставот на Република Македонија, темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се меѓудругите и хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Согласно член 9 од Уставот на Република Македонија, граѓаните на Република Македонија се еднакви во слободите и правата независно од полот, расата, бојата на кожата, националното и социјалното потекло, политичкото и верското уверување, имотната и

општествената положба. Граѓаните пред Уставот на Република Македонија и законите се еднакви.

Согласно член 34 од Уставот на Република Македонија, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Согласно член 35 од Уставот на Република Македонија, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност. Републиката им гарантира право на помош на немоќните и на неспособните за работа граѓани. Републиката им обезбедува посебна заштита на инвалидните лица и услови за нивно вклучување во општествениот живот.

Согласно член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија", бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016), за осигурениците кои не пристапиле во задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, највисоката пензија не може да изнесува повеќе од 80% до 2015 година, а по 2015 година не повеќе од процентите утврдени во член 52 став (1) од овој закон од просечната нето плата остварена во Републиката во претходната година зголемена за 2,7 пати (став 1).

Определената највисока пензија од став (1) на овој член повторно не се определува и понатаму се усогласува со процентот со кој се усогласуваат и другите пензии (став 2).

Согласно член 2 став (1) алинеја 2 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување, системот на пензиското и инвалидското осигурување меѓудругото е составен и од задолжително капитално финансирано пензиско осигурување, односно втор столб. Задолжителното и доброволното капитално финансирано пензиско осигурување поблиску се уредени со посебни закони.

Согласно член 3 од истиот закон, со вториот пензиски столб се остваруваат правата согласно со законот кој го уредува задолжителното капитално финансирано пензиско осигурување.

Согласно член 4 од истиот закон правата од пензиското и инвалидското осигурување се стекнуваат и остваруваат во зависност од начинот, должината и обемот на вложувањето на средствата за пензиско и инвалидско осигурување под услови утврдени со овој закон.

Во Република Македонија пензиското и инвалидското осигурување како област е уредено со Законот за пензиското и инвалидското осигурување осигурување („Службен весник на Република Македонија", бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016), Законот за задолжително капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија", бр. 29/2002, 85/2003, 40/2004, 113/2005, 29/2007, 88/2008, 48/2009, 50/2010, 171/2010, 36/2011, 98/2012, 13/2013, 44/2014, 192/2015 и 30/2016), Законот за доброволно капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија", бр. 7/2008, 17/2011 и 13/2013) и Законот за исплата на пензии и пензиски надоместоци од капитално финансирано пензиско осигурување („Службен весник на Република Македонија", бр. 11/2012, 147/2015 и 30/2016).

Од 1 јануари 2006 година започна да се имплементира реформираниот пензиски систем, како важен сегмент од социјалната политика на Република Македонија. Во пензискиот

систем се внесе и капитално финасирана компонента, односно покрај државната пензија се создава и правна рамка за остварување и на ануитет во завиност од уплатениот придонес и приносот остварен во текот на работниот век. Законот за пензиското и инвалидското осигурување се заснова на начелата на правото на социјална сигурност и социјално осигурување на граѓаните согласно член 34 од Уставот на Република Македонија, начелото на социјална праведност за осигурениците и корисниците на права од пензиско и инвалидско осигурување и членовите на нивните семејства. Исто така, во овој закон е содржано и начелото на генерациска солидарност, покрај капитално финансираната компонента. Оттука неосновани се наводите во Иницијативата дека Законот за пензиското и инвалидското осигурување не одговара на уставниот концепт за социјална праведност, пред се поради фактот што во член 3 од Законот е дефиниран опфатот на правата преку социјалната праведност и генерациската солидарност. Понатаму во останатите одредби детално се разработуваат сите права од пензиското и инвалидското осигурување.

Со член 230 и понатаму се задржува институтот највисока пензија и тоа за осигурениците кои нема да пристапат во капитално финансирано пензиско осигурување (II пензиски столб). Единствена измена кај највисокиот износ на старосна пензија е нејзиното постепено намалување и тоа по 2015 година, но не повеќе од процентите утврдени со член 52 од Законот кои се однесуваат на определување на висината на инвалидската пензија во случај на повреда на работа.

Истовремено, намалувањето на процентите при определување на највисокиот износ на пензија се резултат на параметричките реформи, при што за осигурениците кои ќе останат во системот на задолжително пензиско и инвалидско осигурување постепено се намалува процентот за определување на висината на старосната пензија. Ова решение беше содржано и во претходниот Закон за пензиско и инвалидско осигурување кој се применуваше до 8 август 2012 година, односно член 28 од Законот за изменување и дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Во текстот на Иницијативата подносителот навел дека со оспорените законски одредби се нарушува уставното начело на социјална праведност, но согласно наведените законски одредби произлегува дека оспорената законска одредба е одраз токму на ова начело, а истовремено и на социјалниот карактер на Република Македонија утврден во член 1 од Уставот на Република Македонија, како и на темелните вредности на уставниот поредок на Република Македонија - хуманизмот, социјалната правда и солидарноста утврдени во член 8 од Уставот на Република Македонија. Имено, утврдувајќи ја највисоката пензија законодавецот се раководел токму од начелото на социјалната праведност со цел во случај на настапување на некој од осигурените случаи (старост, инвалидност и смрт на осигуреникот) пензијата на одделни работници, односно осигуреници да се определува зависно од реалните финансиски можности на Републиката, а не од нивната пензиска основа, а притоа и со вака определената пензија на оваа категорија граѓани да не им се наруши материјалната и социјалната сигурност.

Имајќи во предвид дека системот на пензиското и инвалидското осигурување е заснован на плаќање на социјалните придонеси, со член 16 од Законот за придонеси од задолжително социјално осигурување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 142/2008, 64/2009, 156/2009, 166/2010, 53/2011, 185/2011, 44/2012, 15/2013, 91/2013, 170/2013, 97/2014, 113/2014, 180/2014, 188/2014, 20/2015, 48/2015, 129/2015, 217/2015 и 190/2016) е утврдена највисоката основица на која се пресметуваат и плаќаат социјалните придонеси. Имено, највисока месечна основица за пресметување и уплата на придонесите за примањата од работен однос од еден обврзник за пресметка и уплата на придонеси е износот од дванаесет просечни плати. На износот повисок од највисоката месечна основица не се пресметуваат и уплатуваат придонеси.

Согласно наведените уставни и законски одредби произлегува дека законодавецот има уставен основ да го определува нивото на социјалната сигурност на граѓаните, па определувањето на висината на пензијата е во рамките на неговите уставни овластувања во оваа сфера.

Според основните одредби на Уставот на Република Македонија, Република Македонија покрај другото е и социјална држава, а како темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се утврдени хуманизмот, социјалната правда и солидарноста.

Освен тоа, ако оспорениот член од Законот интегрално се интерпретира со член 226 од истиот закон, според кој на корисниците кои правата од пензиското и инвалидското осигурување ги оствариле пред денот на влегување во сила на овој закон, тие права се обезбедуваат и по денот на примената на овој закон во ист обем и висина и се усогласуваат според одредбите на овој закон, сосема е јасно дека со оспорениот член не се врши намалување, односно ограничување на највисоката пензија на корисниците, туку напротив со него се утврдува нов режим за определување на највисоката пензија кој ќе важи во иднина, за идните пензионери.

Ова дотолку повеќе што Уставниот суд на Република Македонија веќе донел решение У.бр 142/2012 од 14.11.2012 година со кое не се поведува постапка за оценување на уставноста на член 230 од Законот за пензиско и инвалидско осигурување.

Имајќи го предвид горенаведеното, се смета дека оспорените одредби од член 230 од Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија“, бр. 98/2012, 166/2012, 15/2013, 53/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/204, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016) се во согласност со член 8 став 1 точка 8, член 9, член 34, член 35 и член 52 став 4 од Уставот на Република Македонија, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 230 од наведениот закон.

## Точка 57

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Политичката партија ЛЕВИЦА од Скопје, до Уставниот суд на Република Македонија под У.бр.112/2017, за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 1 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.132/2017) и притоа го утврди следново мислење:

Во предметната Иницијатива, подносителот наведува дека треба да се пристапи кон оценување на уставноста на одредбата од членот 1 став 1 од Законот за изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 132/17), со оглед дека терминот ,,нормиран учинок‘‘ содржан во истата, утврден како еден од условите за земање на минимална плата, да се утврдува на пониско ниво од страна на работодавачот доведува до нееднаков третман на работниците, кои се наоѓаат во една иста или слична правна положба, односно одделни фирми кои работат во иста индустриска гранка може да утврдат различни норми за исполнување, како услов за земање на минимална плата, со што на работодавачот му се остава привилегиран, фаворизиран и нефер маневарски простор погоден за многу злоупотреби и манипулации на штета на работниците и нивниот природно правен егзистенцијален интерес.

Притоа, подносителот на Иницијативата наведува дека оспорените законски одредби се спротивни на Уставот на Република Македонија, односно дека со истите се повредува слободата и правото на работа и правото на соодветна заработувачка под еднакви услови за секој граѓанин, при што како што е наведено во Иницијативата, со формулирање на вакви двосмислени правила се доведува во прашање правната сигурност на граѓаните, при што се наведува дека оспорените одредби се спротивни на член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 8, член 9 ставови 1 и 2, член 11 став 2, член 32 ставови 1, 2, 3 и 4, член 34, член 35 став 1, член 54 ставови 1 и 3, член 51 и член 58 став 1 од Уставот на Република Македонија.

Согласно член 9 став 2 од Уставот на Република Македонија, граѓаните се еднакви пред Уставот и законите (став 2).

Согласно член 11 став 3 од Уставот, се забранува присилна работа.

Согласно член 32 од Уставот, секој има право на работа, слободен избор на вработување, заштита при работењето и материјална обезбеденост за време на привремена невработеност. Секому, под еднакви услови, му е достапно секое работно место. Секој вработен има право на соодветна заработувачка. Секој вработен има право на платен дневен, неделен и годишен одмор. Од овие права вработените не можат да се откажат.

Согласно член 34 од Уставот, граѓаните имаат право на социјална сигурност и социјално осигурување утврдени со закон и со колективен договор.

Согласно член 35 став 1 од Уставот, Републиката се грижи за социјалната заштита и социјалната сигурност на граѓаните согласно со начелото на социјална праведност.

Имено, со членот 2 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17), е предвидено дека минимална плата е најнискиот месечен износ на основна плата која работодавачот е должен да му ја исплати на работникот за работа извршена за полно работно време и исполнет нормиран учинок (став 1).

Истиот член со измените и дополнувањата на Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 132/17), е дополнет со три нови ставови. Со ставот (2) е предвидено дека нормираниот учинок се утврдува од страна на работодавачот, секоја година, во февруари, врз основа на критериуми на ефикасност на производниот процес, утврдени од страна на работодавачот во соработка со работниците, а кои критериуми мора да се исти за секоја техничко - технолошка целина кај работодавачот.

Нормираниот учинок од ставот (2) на овој член треба да е остварлив за најмалку 80% од бројот на вработените за секоја техничко-технолошка целина, поодделно (став 3). Работодавачот е должен, на крајот на секој месец, на работникот да му издаде потврда за остварениот нормиран учинок, заедно со писмената пресметка на платата (став 4).

Согласно наведените одредби од измените на Законот, се овозможува појаснување и поголема транспарентност на постапката на утврдувањето на нормираниот учинок, во смисла на тоа кој треба да го утврди нормираниот учинок, во кој период, за колку работници да е остварлив нормираниот учинок и дека за исполнетоста на нормираниот учинок се издава потврда на работникот од страна на работодавачот. Се смета дека ваквото законско решение е јасно и транспарентно, не е оставен простор за двосмисленост во

неговото толкување, а со тоа не се руши и начелото на правна сигурност на вработените, ниту е во спротивност со наведените уставни одредби.

Се смета дека утврдувањето на нормираниот учинок од страна на работодавачот во соработка со работниците, е реално решение, затоа што се дава можност при нејзиното утврдување да учествуваат двете страни, истата да е прифатлива за поголемиот број на вработени и истата е позната за секој во почетокот на годината.

Одредбата се однесува за сите работодавачи, без разлика дали имаат синдикална организација или не, односно доколку немаат синдикална организација работодавачот има обврска нормата да ја утврди во соработка со работниците. Покрај тоа, ваквата правна рамка е оправдана, бидејќи нормираниот учинок не може да се изедначи кај работодавачи од слична дејност затоа што утврдувањето на нормата зависи од многу фактори и услови за одделно работно место кај работодавачот или техничко технолошка целина, кои се во функција на работодавачот.

Исто така, издавањето на потврдата за исполнет нормиран учинок овозможува дополнителна заштита на работникот, во смисла дека работодавачот соодветно ја утврдил висината на платата во зависност од исполнетоста на нормата, а во исто време работникот со поседувањето на потврдата има гаранција дека работодавачот е должен да му исплати минимална плата на работникот во висина согласно Закон.

По однос на последното изменување и дополнување на Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија‘‘ бр. 132/17), заради доследна и вооеднаначена примена на Законот, Министерството за труд и социјална политика како орган на државна управа надлежен за единствена примена на Законот, во соработка со Државниот инспекторат за труд и Организацијата на работодавачи на Македонија, изготви насоки за примена на Законот за минимална плата во Република Македонија.
Во таа насока, работодавачите кои имаат обврска, согласно Законот за минимална плата во Република Македонија, да утврдат нормиран учинок, истото треба да го направат со интерен акт во соработка со работниците (синдикална организација или преставник на вработените), со кој ќе ги утврдат критериумите на ефикасност на производниот процес.

Актот, особено би требало да содржи: назив на работните места за кои се врши нормирање; методот на нормирање може да се врши врз основа на примена на претходно искуство, самостојни мерења, самостојни проценки и сл.

Мерењето на резултатот, односно нормираниот учинок треба да е мерлив, изразен во количини, време, вредност и сл.

Нормирањето може да се воведе само за работните задачи за кои обемот на работењето може егзактно да се измери.

Нормата по правило би требало да се утврдува по работно место, а доколку двајца или неколку работници работат заедничка работа, кога работата и работните задачи не може да се издвојат по поединечен работник, тогаш може да се утврди и групна норма.

Во случај кога работниот процес е прекинат не по вина на работникот (немање на работа, немање на репроматеријал, расипана машина, немање на струја и др.), работодавачот може да воведе евиденција за изгубеното време кое би требало да се пресмета врз основа на остварениот учинок од часовите кога работел.

Работодавачот е должен на крајот на секој месец, заедно со писмената пресметка на платата (најкасно до 15-ти во тековниот месец за минатиот месец) да му издаде писмена потврда на работникот за процентот на остварениот учинок. Кога процентот на остварениот нормиран учинок е наведен во месечната пресметка на плата, работодавачот нема обврска да издава посебна потврда.

Следствено на наведеното, интенцијата на законодавецот во ниеден момент не била работникот да се стави во нерамномерна положба, туку напротив со утврдувањето на нормираниот учинок се обезбедува заштита на работникот од делегирање на дополнителни, а по број неутврдени, односно неизмерливи работни задачи како услов за земање на минимална плата.

Врз основа на горенаведеното, се смета дека Иницијативата за поведување постапка за оценување на уставноста на член 1 став 1, односно член 2 став 2 од Законот за минимална плата во Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 11/12, 30/14, 180/14, 81/15, 129/15 и 132/17), поднесена од страна на Политичката партија ЛЕВИЦА од Скопје, е неоснована, поради што Владата на Република Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да не поведе постапка за оценување на уставноста на наведената законска одредба, со оглед на фактот што истата е во согласност со Уставот на Република Македонија.

**Точка 58**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Весна Деловска од Скопје за налог за извршување врз недвижност запишана во Имотен лист бр.45755 за КО Центар на КП бр.9458 место викано Градиште-4 и по Известувањето го усвои Известувањето од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 59**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Снежана Андреевска од Скопје под И бр.622/17 за налог за извршување врз недвижност, за наредната седница на Владата поради потребата АД за изградба и стопанисување со станбен простор и деловен простор од значење за Републиката - Скопје, да достави ново мислење по истото.

**Точка 60**

Владата ги разгледа Табеларниот преглед за поништување на одделните активности на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата, Табеларниот преглед за продолжување на рокот на активностите на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата и Табеларниот преглед на институции кои не доставиле одговор и притоа заклучи:

1. Го прифати Табеларниот преглед за поништување на одделните активности на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата и заклучи да престанат да важат задолженијата кои произлегуваат од овие заклучоци.

2. Го прифати Табеларниот преглед за продолжување на рокот на активностите на институциите кои произлегуваат од заклучоци на Владата и заклучи да се промени динамиката на доставување на материјалите согласно Табеларниот преглед.

3. Се препорачува на Институтот за земјотресно инженерство и инженерска сеизмологија и Агенцијата за управување со одземен имот, веднаш до Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да достават одговор во врска со нивните активности во системот Е-влада.

Воедно, институциите при креирање на елаборати кои произлегуваат од активности по заклучоци на Владата, при нивно пуштање во колаборација во Е-влада, истите задолжително да ги поврзуваат со креираната активност во системот, со цел да се води точна евиденција за постапувањето по заклучоците на Владата.

**Точка 61**

**1.** Владата како акционер во АД ГА-МА-Скопје, заклучи да му предложи на Собранието на АД ГА-МА да го избере Александар Арсиќ за извршен член на Одборот на директори на Друштвото.

Истовремено, Владата заклучи да го повлече предлогот доставен до Собранието на Акционерско друштво ГА - МА - Скопје од седницата на Владата, одржана на 3.8.2017 година, со кој за извршен член на Одборот на директори на Друштвото се предлага Коста Начевски.

**2.** Владата за членови на Управниот одбор претставници од органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на заштита на природата претставници на Јавната установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови, ги именува:

- Вахит Велија
- Смиљка Тенева

Истовремено, Владата заклучи предлозите за именување на членови на Управниот одбор на Јавната установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови- претставници на стручниот орган на Јавната установа Национален Парк Маврово, Маврови Анови, да се разгледаат на наредната седница.

**3.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈУ Национален парк Галичица, Охрид, ги именува:

претставник од Општина на чие подрачје се наоѓа Националниот парк

- Владимир Јовановски

претставници на стручниот орган

- Новески Наумче и
- Сотироски Крсте

**4.** Владата за членови на Управниот одбор претставници на стручниот орган на ЈУ Национален парк Пелистер- Битола, ги именува:

- Томислав Петров
- Владимир Василевски

**5.** Владата ја разреши Кристина Колеска-Деспотоска од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈЗУ Центар за јавно здравје-Охрид, на нејзино барање.

**6.** Владата го разреши Рамиз Азири од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈЗУ Општа болница „Куманово“, Куманово, на негово барање.

**7.** Владата го разреши Методија Димовски од должноста член на Органот за надзор на ЈУ Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје, на негово барање.

**8.** Владата го разреши Антони Пешев од должноста член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука.

**8.1**. Владата го именува Благој Христов за член на Управниот одбор на Центарот за стручно образование и обука.

**9.** Владата го разреши Антони Пешев од должноста член на Управниот одбор на ЈУ Центарот за образование на возрасните.

**9.1** Владата го именува Ѓорѓи Петрушев за член на Управниот одбор на ЈУ Центарот за образование на возрасните.

**10.** Владата го разреши Антони Пешев од должноста член на Советот за стручно образование и обука.

**10.1.** Владата го именува Ѓорѓи Петрушев за член на на Советот за стручно образование и обука.

**11.** Владата го разреши Бранко Азески од должноста член на Советот за образование на возрасните.

**11.1.** Владата го именува Благој Христов за член на Советот за образование на возрасните.

**12.** Владата го разреши Али Рамадани од должноста член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Железничар“ - Скопје, на негово барање.

**12.1.** Владата ја именува Барбуќе Имами за член на Управниот одбор претставник на основачот на ЈЗУ Здравствен дом „Железничар“ - Скопје.

**13.** Владата ја именува Наташа Митевска за член на Управниот одбор претставник од Советот на општината на ЈУ Центар за социјална работа Кратово.

**14.** Владата ја именува Гордана Арапова за член на Управниот одбор-претставник од Советот на општината на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа Струмица.

**15.** Владата за претставници во Советот на Јавната научна установа Институт за филм - Филмска академија - Охрид, ги определи:

- Синоличка Трпкова,
- Маја Стефановиќ и
- Никола Мадиќ.

**16.** Владата на Златко Алексов на кој му е утврден престанок на мандатот член на Советот за јавни набавки, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 28.11.2017 година до 28.11.2018 година.

**17.** Владата на Ивица Костојчиновски на кој му е утврден престанок на мандатот член на Советот за јавни набавки, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 28.11.2017 година до 28.11.2018 година.

**18.** Владата на Онер Јакупоски разрешен од должноста директорот на ЈУ Национален парк Маврово, Маврови Анови, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 година до 3.8.2018 година.

**19.** Владата на Горан Николовски, разрешен од должноста заменик на директорот на КПУ Затвор Битола му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 2.10.2017 година до 2.10.2018 година.

**20.** Владата на Гоше Стевановски, разрешен од должноста истражител на Комитетот за истрага на воздухопловни несреќи и сериозни инциденти, му утврди право за остварување плата по престанувањето на функцијата за време од 12 месеци, за период од 3.8.2017 до 3.8.2018 година.

**21.** Владата го именува Ристо Велков за член на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со пасишта - Скопје.

**22.** Владата за членови на Управниот одбор - претставници на основачот на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, ги именува:

- Влатко Бислимовски,
- Моника Петрова Велјанова и
- Зоран Ристовски

**23.** Владата за членови на Органот за надзор на ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа на Град Скопје, ги именува:

- Соња Глинчарска,
- Нуран Ибрахими и
- Татјана Арсовска

**24.** Владата за членови на Управниот одбор-претставници на основачот на ЈЗУ Универзитетска клиника за токсикологија - Скопје да ги именува:

- Горан Трајков,
- Елена Депинова и
- Мргим Шабани

**25.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - П.О.-Скопје, ги именува:

- Марјана Филиповска и
- Сами Синани

**26.** Владата за членови на Управниот одбор на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица" - Пробиштип, ги именува:

- Билјана Казанџиска и
- Игор Трајковски

**27.** Владата ја разреши Елена Начевска од должноста претседател на Комисијата за жалби, на нејзино барање.

**28.** Владата од должноста членови на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија, ги разреши:

- Марија Влашчева,
- Гуле Гулев,
- Стојанчо Радичевски и
- Александар Касапинов

**28.1.** Владата за претседател и членови на Управниот одбор на Агенцијата за филм на Република Македонија, ги именува:
а) за претседател:

- Александар Касапинов

б) за членови:

- Ацо Дуковски,
- Блерим Османи,
- Бојан Лазаревски и
- Георги Трајчев.

**29.** Владата ја именува Моника Јованова за претседател на Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој.

**30.** Владата ја именува Викторија Вуинов за член на Надзорниот одбор за контрола на материјално-финансиското работење на ЈП за извршување на водостопански дејности ХС „Злетовица"-Пробиштип.

**31.** Владата ја именува Моника Николовска Гајдов за член на Управниот одбор на Агенцијата за промоција и поддршка на туризмот.

**32.** Владата го избра Андријан Ташковски за независен член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија, ТЕЦ Неготино, во државна сопственост-Неготино.

**33.** Владата за членови на Одборот на директори на Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје, ги избра:

- Светлана Тодоровска и
- Сања Цековска

**34.** Владата го отповика Ѓоко Ташев од должноста член на Надзорниот одбор на АД за производство на електрична енергија Електрани на Македонија, во државна сопственост Скопје, на негово барање.

**35.** Владата го отповика Јане Станковски од должноста член на Надзорниот одбор на АД за транспорт Македонски железници Транспорт АД-Скопје.

**35.1.** Владата го избра Атанас Чурлинов за член на Надзорниот одбор на АД за транспорт Македонски железници Транспорт АД-Скопје.

**36.** Владата заклучи предлозите за именување на претседател, секретар и членови на Комисијата за проценка и утврдување на висината на штетата од елементарни непогоди, да се разгледаат на наредната седница на Владата.

Истовремено, Владата заклучи сите предлози на кадровски прашања, пред да бидат доставени за разгледување на седница на Владата, претходно да бидат разгледани од Комисијата за именување.

## Точка 62

**1.** Владата, на предлог на министерот за финансии, д-р Драган Тевдовски, заклучи Заклучокот број 21 од Нацрт-записникот од Дваесет и четвртата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.8.2017 година (точка 15) да се измени и да гласи:

„21. Се задолжува Министерството за економија, во соработка со Министерството за образование и наука, Фондот за иновации и технолошки развој и Централниот регистар на Република Македонија во рок од 15 дена, да го информираат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори за активностите на работната група формирана со цел да ја разгледа иницијативата за изменување и дополнување на Законот за трговските друштва, во делот на потребната документација и давачките потребни за основање на микро и спин-оф компании. (Прилог: 1, Барање: 27).“.

**2.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за периодот од 4.12.2017 до 10.12.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**3.** Владата заклучи:

- Се задолжуваат сите министерства и буџетски корисници, јавни претпријатија основани од државата, агенции, фондови и акционерски друштва во државна сопственост, веднаш по донесувањето на Буџетот на Република Македонија за 2018 година, во редовна владина постапка да ги доставaт Предлог - програмите (финансиски планови, инвестициони програми, програми за работа) за користење на средства за 2018 година кои произлегуваат од Буџетот, со цел истите да се разгледаат на тематска седница на Генералниот колегиум на државни секретари, која ќе се одржи на 10.1.2018 година (среда).

За оваа цел, сите предлог-програми за работа за 2018 година претходно да бидат усвоени и/или одобрени од органите на управување во надлежните институции и доставени на мислење до Министерството за финансии, Секретаријатот за законодавство и до другите ресорно надлежни институции, со цел навремено усогласување на истите и нивно доставување до Владата најдоцна до 5.1.2018 година (петок).

**4.** Владата на предлог на Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, заклучи:

1) Во согласност со начелото на Владата за транспарентно и отчетно трошење на државните средства, се задолжуваат министрите, замениците на министрите, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, да доставaт информации за

службените трошоци направени во рамките на предвидениот буџет во првите шест месеци од преземањето на фунциите, до Секторот за односи со јавноста во Владата, најдоцна до 15 јануари 2018 година.

2) Се задолжува Секторот за односи со јавност во Владата, да изработи софтверско решение за прикажување и визуализација на службените трошоци на министрите, замениците на министрите, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија и истото да го постави на официјалната веб страница на Владата, www.vlada.mk.

3) Се задолжува Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија, во рамките на својот буџет, да обезбеди средства во висина од 75 000,00 денари кои ќе бидат наменети за изработка на софтверско решение за прикажување и визуализација на службените трошоци на министрите, замениците на министрите, државните секретари и генералниот секретар на Владата на Република Македонија.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со управниот спор УС бр. 1174/13 и барањето на Асоцијацијата на здруженија на инженери-Инженерска институција на Македонија, за физичка делба на деловен простор, како материјал за информирање.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Информацијата за изградба на жичарница од Институт за белодробни заболувања во Козле до Средно Водно, за период 1.1.-30.6.2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на активностите од Акцискиот план на Стратегијата за стручно образование и обука, ноември 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 66**

Владата го разгледа Дополнетиот Предлог-буџет на Република Македонија за 2018 година, го утврди и заклучи да се достави до Собранието согласно член 180-а став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени д-р Драган Тевдовски, министер за финансии и д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, а за повереници Елена Трпковска, државен секретар во Министерството за финансии и Вера Проковиќ, раководител на сектор во Министерството за финансии.

**Точка 67**

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на реализација на листата на акти и материјали кои што министерствата согласно закон се обврзаа да ги објават на своите веб страни, со Табеларен преглед и ја усвои со следниот заклучок:

- Се задолжуваат Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за образование и наука, Министерството за култура, Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор, Секретаријатот за европски прашања, Министерството за локална самоуправа, Министерството за здравство, Министерството за финансии, Министерството за економија, министерот без ресор задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата со Ромите во Република Македонија, Самка Ибраимовски, веднаш во целост да ја објават листата на акти и материјали, предвидени согласно заклучокот на Владата на Република Македонија од 31.10.2017 година.

## Точка 68

Владата ја донесе Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за гранични вредности за нивоа и видови на загадувачки супстанции во амбиентниот воздух и прагови на алармирање, рокови за постигнување на граничните вредности, маргини на толеранција за гранична вредност, целни вредности и долгорочни цели, со заклучок истата предлагачот да ја усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 69

Владата условно ја донесе Одлуката за давање на согласност за пренос на удел, доколку Министерството за економија ја докомплетира предметната документација и достави нова проценка на деловниот потфат, согласно член 49 од Законот за минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“, бр. 136/2012...бр.189/2016), а Министерството за финансии достави ново позитивно мислење по материјалот, во спротивно точката повторно да се разгледа на наредната седница на Владата.

## Точка 70

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - песок на Друштво за градежништво, услуги и трговија на големо и мало Цвет - Компани ДООЕЛ експорт-импорт с.Батинци-Студеничани на локалитетот с. Варвара, Општина Сопиште и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на материјалот претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 71

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина - варовник на Друштвото за градежништво, услуги и трговија на големо и мало ЦВЕТ-КОМПАНИ ДООЕЛ експорт-импорт с.Батинци Студеничани на локалитетот „Јарова Глава“, Општина Сопиште и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на материјалот претходно да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

## Точка 72

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Спогодба меѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија за финансиска соработка 2017 година, како и Договор за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 2 и Договор за финансирање на Програмата за наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II со текст на Спогодба и договори и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати текстот на:

- Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија, за финансиска соработка 2017 година (за проектите „Програма за водовод и канализација“ и „Програма за наводнување на јужната долина на реката Вардар, фаза II“);

- Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 2, кој треба да се склучи помеѓу КфВ и Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, Општина Кавадарци, ЈП за комунални работи „Комуналец“ - Кавадарци, Општина Гевгелија и ЈП за комунални дејности „Комуналец“ - Гевгелија;

- Договорот за финансирање на Програмата за наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II, кој треба да се склучи помеѓу КфВ и Република Македонија претставувана од Министерството за финансии и Министерството за земјоделство, шумарство водостопанство.

2. Го определи д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, да ја потпише Спогодбата меѓу Владата на Република Македонија и Владата на СР Германија за финансиска соработка 2017 година (за проектите „Програма за водовод и канализација“ и „Програма за наводнување на јужната долина на реката Вардар фаза II“), во име на Владата на Република Македонија.

3. Се задолжува Министерството за финансии и Министерството за земјоделството, шумарство и водостопанство, во име на Владата на Република Македонија, да го склучат Договорот за финансирање на Програмата за наводнување на јужната долина на реката Вардар, фаза II.

4. Се задолжува Министерството за финансии и Министерството за транспорт и врски, во име на Владата на Република Македонија, да го склучат Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 2.

5. Се препорачува на Општина Кавадарци, ЈП за комунални работи „Комуналец“- Кавадарци, Општина Гевгелија и ЈП за комунални дејности „Комуналец“ - Гевгелија, да го склучат Договорот за финансирање на Програмата за водовод и канализација фаза 2.

## Точка 73

Владата ја разгледа Информацијата за статусот на имплементација на нов систем за обработка на царински декларации и акцизни документи-СОЦДАД, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на Анекс број V на Договорот за јавна набавка на Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), склучен помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Конзорциумот „INTRASOFT INTERNATIONAL SA од Луксембург и ГПМ Консалтинг“ бр.02-045809/11-0092 од 25.05.2012 година, дополнет со Анекс на Договорот бр. 02-045809/11-0100 од 1.8.2014 година, Анекс II на Договорот бр. 02-045809/11-0122 од 26.3.2015 година, Анекс III на Договорот бр. 02-045809/11-0140 од 23.12.2015 година и Анекс IV на Договорот бр. 02-045809/11-0164 од 31.8.2016 година, а врз основа на добиена согласност бр.02-080314/17-0002 од 11.12.2017 година од Конзорциумот „INTRASOFT INTERNATIONAL SA од Луксембург и ГПМ Консалтинг“, за промена на динамиката за реализација на договорот и динамиката на плаќање на обврските кои произлегуваат од договорот со продолжување до 25.12.2018 година.

## Точка 74

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на кој договорните органи ќе ги објавуваат склучените договори за јавни набавки и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Бирото за јавни набавки да го надгради Електронскиот систем за јавни набавки со функционалност за прикачување на договорите кои подлежат на известување на склучен договор со додавање на задолжително поле за прикачување на склучениот договор.

2. Се задолжува Бирото за јавни набавки да го надгради Електронскиот систем со фунционалност за прикачување на договорите во евиденцијата тековно без да се чека да заврши периодот од шест месеци.

3. Се задолжуваат сите органи на државна управа, им се препорачува на агенциите, фондовите, бироата, а им се укажува на заводите, јавните претпријатијата и АД во државна сопственост, како и на единиците на локалната самоуправа да ги објавуваат договорите за јавни набавки на Електронскиот систем за јавни набавки.

## Точка 75

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Македонија за 2017 година, во предложениот текст.

## Точка 76

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Договор за економска и техничка соработка за обезбедување на грант помош помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина, со усогласен текст на договорот, и ја усвои со следните заклучоци:

1. Владата го прифати усогласениот текст на Договорот за економска и техничка соработка за обезбедување на грант помош помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина.

2. Го определи заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Договорот за економска и техничка соработка за обезбедување на грант помош помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Народна Република Кина.

3. Се задолжува заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, да одржи состанок со министерот за образование и наука, министерот за труд и социјална политика и министерот за здравство, со цел подготовка на листа на предлог проекти кои се однесуваат на реконструкција на училишта и градинки, како и проекти во областа на здравството за финансирање со кинеска грант помош, во рок од 15 дена од усвојувањето на оваа информација.

4. Се задолжува заменик на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, да оствари консултации со Амбасадорот на Народна Република Кина во Република Македонија во поглед на предлог листата на проекти за финансирање со кинеска грант помош, подготвена по состанокот од предлог заклучок број 3, и да ја информира Владата на Република Македонија за усогласената листа на предлог проекти за

финансирање со кинеска грант помош во рок од 2 месеци од усвојувањето на оваа информација.

*

*          *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 16:25 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**д-р Драги Рашковски**

**ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКАМАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**